Волнарски комбинат Тодор Циповски-Мерџан
ТЕТЕКС АД
Бр. 0201-364
04.04.2019 год.
ТЕТОВО

# З А П И С Н И К

**Од седницата на Годишното собрание на акционери на Волнарски Комбинат Тодор Циповски Мерџан ТЕТЕКС акционерско Друштво Тетово**

Седницата на годишното собрание на акционери на Тетекс АД Тетово што се одржа на ден 04.04.2019 год. со почеток во 12 часот .

Седницата на годишното собрание на акционери, ја отвори Светлана Соколовска, Председавач на Собранието, ги поздрави присатните акционери и им посака успешна работа и истакна дека согласно член 46, 47 и 48 од статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва, Одборот на директори на Тетекс АД Тетово со Одлука бр. 0202- 197/9 од 26.02.2019 год. го утврди дневниот ред и датумот за одржување на Годишното собрание на акционери на Тетекс АД Тетово.

Согласно член 387 став 1 и став 3 од Законот за трговски друштва, Одборот на директори на Тетекс АД Тетово ја свика Седницата на годишното собрание на акционери на Тетекс АД Тетово.

Истакна дека согласно Законот за трговски друштва за седницата се обезбедени :

- Акционерска книга на Друштвото од 03.04.2019 год. согласно член 391 став 3 од Закон за трговски друштва.
- Тековна состојба на Друштвото. од 02.04.2019 год.
- Јавен повик за одржување на Годишно собрание на акционерите на Друштвото , објавен согласно член 387 став 1 и став 3 од Законот за трговски друштва на половина страна на весникот Слободен печат на ден 28.02.2019 год.
- Список на присатни акционери и застапници со број на акции

Согласно член 391 став 4 од Законот за трговски друштва, Председавачот го прегледа списокот на присатни акционери и констатира дека сите присатни акционери лично и преку уредно потпишани полномошна, поединечно и своерачно го потпишале Списокот и го верификувале своето присаство на седницата.

Потоа Председавачот го спореди Списокот на присатни акционери . со акционерската книга на Друштвото издадена од ЦДХВ на ден 03.04.2019 год. и констатира дека списокот е во согласност со Акционерската книга.

Председавачот, согласно член 393 од Законот за трговски друштва констатира дека вкупно се издадени 414171 обични акции со право на глас со исто толку гласови.

Од 414.171 акција со право на глас на седницата своето присаство го верификувале 46 акционери со 269687 акции со право на глас и исто толку број на гласови, односно дека на седницата се присатни 65,12 % од акционерите со право на глас, по што Председавачот констатира дека се исполнети сите услови за одржување на седницата на собранието и согласно член 393 од Законот за трговски друштва има кворум за работа и полноправно работење и одлучување .

Согласно **точка 2 од процедуралниот дел** од дневниот ред побара од присатните предлог за председавач годишното собрание на ден 04.04.2019 год.

Акционерот Васо Спасески ја предложи Светлана Соколовска

Бидејќи немаше друг предлог, предлогот беше ставен на гласање.

Сите присатни акционери едногласно се изјаснија ЗА , нема ПРОТИВ нема ВОЗДРЖАНИ при што се констатира дека за председавач на седницата на Годишното собранието на акционери на ден 04.04.2019 год. е избрана Светлана Соколовска . ( во понатамошниот текст Председавач)

Председавачот на Годишното собранието на акционери Светлана Соколовска се заблагодари за изборот и ги поздрави присатните акционери и члeновите на Одборот на директори и Генералниот директор М-р Глигорие Гоговски и им посака успешна работа.

**По третата точка од процедуралниот дел**, Председавачот Светлана Соколовска истакна дека согласно Статутот на Тетекс АД Тетово и одредбите од Законот за трговски друштва потребно е да се избере записничар и оверувачи на записник за ова собрание и предложи за записничар Тодорка Андоновска, за оверувачи Споменка Митевска и Љубиша Јовановски .

Праша дали има друг предлог, па бидејќи немаше друг предлог го стави предлогот на гласање

Сите присатни 46 акционери со 269687 акции и исто толку гласови, едногласно се изјаснија ЗА , нема ПРОТИВ нема ВОЗДРЖАНИ , односно предлогот усвоен со 100% од присатните акционери.